ТОДЕ ДЕРИЕВСКИ - КУМО

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

# С Е Ќ А В А Њ А

## ЗА ЛИКОТ И БОРБЕНОСТА НА НАУМЕ - ОВЧАРОТ

Битола, мај 1989 год.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

# МОЈАТА ПРВА СРЕДБА СО НАУМЕ ВЕЛИЕВСКИ-ОВЧАРОТ

На 19.декември 1942 година, одредот "Јане Сандански" ја напушти грчката територија и замина за Кајмакчалан, со задача да се состане со Прилепскиот одред. Меѓутоа, до таков состанок не дојде поради тоа што одредот бил провален и разбиен. Го променивме правецот и тргнавме кон Битола. Во близина на селото Логоварди, борците од одредот "Јане Сандански" се поделивме на две групи:едната со раководството на одредот замина за селата Ореово и Лавци, а другата за Породин, Канино и Велушина. При крајот на февруари 1943 година, половината партизани кои престојувале во Ореово и Лавци, тргнавме за Преспа и им се придруживме на борците од одредот "Даме Груев" кај село Коњско, каде престојуваше одредот. Откако се поздравивме со паролата:"СМРТ НА ФАШИЗМОТ-СЛОБОДА НА НАРОДОТ", веднаш меѓу борците настана весело расположение и гушкање. Тогаш цврсто се загрливме и со Науме-Овчар.

Во сеќавање ми остана:кога виде Овчар толку борци во одредот со голема радот,високо ја крена десната рака, со стисната тупаница и за добродојде загрмеја неговите зборови:"Сега другари сме многу, но да бидеме цврсти како челик, па ќе го биеме непреијателот каде тој не се надева". Тогаш во одредот, меѓу другите беше и Јосиф Јосифовски-Свештарот, Стаpенко, Славе, Јордан Пиперката и други. Меѓу оние што пристигнавме во групата беа Ѓоре Велковски, Пецо Божиновски, Бено Русо-Коки, Сотир Брбевски-Иле, Ицо-Фет, Петре Велковски, Милан Илиевски-Сашо и јас Тоде-Кумо.

Одредот значително се зголеми. Сите борци беа стари прекалени во борбата. Во тие денови Јосиф Јосифовски-Ѓорче, одржуваше политички предавања пред нас борците и со јасни, убедливи зборови ни ги објаснуваше работите. Зборуваше повеќе пати за Октомвриската револуција во Русија за нападот на фашистичка Германија на Советскиот сојуз и дека Русите ќе ги победат германците и друго.

За време на предавањето Науме-Овчар, кој постојано беше со будно внимание, го прекинуваше предавањето поставувајки важни прашања за војната,победата и др. Така уште во првите денови пред моите очи почна да израснува ликот на Наум како лик на голем револуционер и раководител, кој ќе може успешно да води во борба и поголеми воени единици. Наскоро увидов дека она што го зборуваше најчесто и на дело го покажуваше. Така,кога раководството на Одредот одлучи да извршиме акција врз селото Туминец во кое селаните како робови работеле кај сеоскиот богаташ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ ... Република Македонија ... одбор ... ПЕСН

(бег) речиси за кора леб, Наум-Овчар со мала група борци се упати кон куќата на богаташот. Останалите борци со Ѓоре Велковски тргнаа да ги известат селаните да излезат на сред селото. Предводени од Овчар влеговме во куќата на селскиот богаташ и го баравме на сите страни. Наум го пронајде скриен во едно темно ќералче. Кога му предложивме на Овчар да го врзиме овој селски кулак, не се согласи велејки дека тоа не е потребно, туку ќе треба житото од неговите амбари да им се раздели на селаните што беше и сторено. Пред насобраниот народ Ѓорче-Свештарот одржа говор за борбите на Македонскиот народ од Илинденското востание, па се до оваа борба против фашизмот, истакнувајки дека не сме само ние во борбата, туку со нас е целиот југословенски народ, Руската Црвена Армија и многу други народи поробени од фашизмот.

По завршувањето на оваа акција, во деновите дури престојувавме на овој терен, се поврзавме со група од десетина албански партизани на чело со командир Зија. Наум-Овчар знаеше, прилично, да зборува на албански јазик, така што набргу, се здружи со нив и ја стекна нивната доверба. Можеше да се забележи дека го ценеа неговиот авторитет. Откако се постигна помеѓу нивното раководство и нашето, согласност за идна и заедничка акција беше решено да прејдиме во блиското албанско село. Тргнавме преку планина накај Горица, стигнавме до манастирот Св.Наум Охридски. Таму имаше двајца селани кои служеа во манастирот како домакини. Тука бевме добро нахранети и до наредниот ден добро се одморивме. За тоа време Овчар со неколку борци го обезбедуваше манастирот со стража, а јас мислам дека тој често и не легнуваше да спие, често ги надгледуваше борците и стражата. Наредниот ден, за секој борец како храна имаше по еден леб и со тоа го напуштивме манастирот, тргнувајки кон Горица. При префрлувањето на главниот пат се сретнавме со поголема група италијански војници. Тогаш Овчар одеше прв и даде знак со десната рака да легнеме и да чекаме. Италијанските војници веројатно не забележаа бидејки го променија правецот при што веднаш Овчар стана и отвори оган, а потоа и сите ние. Италијанските војници се разбегаа и слушавме како пукаа во ветер.

При бегањето тие имаа исфрлено повеќе работи меѓу кои и една црна долга мушама. Ги прибравме исфрлените работи, а мушамата му ја дадовме на другарот Овчар како на заслужен борец во таа акција. Истата тој ја носеше во борбите и акциите по селата и на другите територии каде што престојувавме. По акцијата тргнавме во селото каде не водеа албанските партизани. Во селото разговаравме со селаните. Албанските партизани ги запознаа со нас и им објаснија зошто се бориме. Потоа зборуваше и нашиот Ѓорче-Свештарот, повикувајки ги албанските селани да ни се придружат во борбата против заедничкиот непријател-фашизмот.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ СР Македонија Општински одбор РЕСЕН

Додека траеја разговорите, Овчар будно гледаше во околината, како би забележал евентуална опасност. Бевме сместени во две-три куќи, распоредени по групи. Селаните иако сиромашни ни ја делеа со нас храната. Домакините дадоа беса дека добро ќе не чуват. Но и покрај тоа, Овчар со други два три партизани строго ги посетуваше куќите каде бевме сместени. Наредниот ден, со помош на двајца албански партизани и двајца селани, тргнавме во правец на планината Галичица. Кога дојдовме до главниот пат што води за Горица Албанците се вратија. Ние преку Галичица стигнавме близу селото Коњско. Тука престојувавме околу три дена. За тоа време раководството правеше планови за идните акции што не очекуваа во следните денови. Тежок беше патот преку Галичица, во многу оштрата зима. Планините покриени со дебели слогови на снег. Теренот тежок,беспатен. Бевме слабо облечени и полубоси,повеќе гладни,отколку најадени. Славната планина Галичица, вистина е славна,ама без вода за пиење. Селаните крајно сиромаси. Сепак селаните ни дадоа од пченкарниот леб. Тоа беше храброст гладниот да дава на уште погладниот. Од селаните добивме и по некоја грутка сол што ја лижевме. Наместо вода шмукувавме мразули што беа обесени на стените, а беа долги и до два метра. И така, мразули мајко јадам и на снег спијам. Во вакви тешки денови полни со искушенија и моралот ни попушташе. Но тврдото раководство на одредот од прекалените борци Јосиф-Свештарот, Наум-Овчар,Ванчо-Прке-Сержен,Ѓоре-Косте и други,постојано бдееја над нас и не бодреа да издржиме.

Се сеќавам за тоа, кога одредот престојуваше неколку дни на Галичица. Еден ден и ноќ дуваше силен ветер мешан со снег.Бевме прибрани во една пештера, а ветерот го носеше снегот право во нас. Бевме замолкнати сите,како да бевме болни-неми. Одеднаш среде тоа занеменост, Овчар рипна на нозе и извикна:

"Ајде другари станувајте! Ајде Куме,ајде Славе,Ѓорче,Јордан и по ред,станувајте сите,сега му е мајката да заиграме едно оро,ама тешкото и тивко,со песна сејменска".

Орото го водеше Овчар, а до него Свештар,Косте,Пиперката и сите други борци.Пеевме:"Еј мори бабо стара бабо,излези бабо до надвор, да видиш бабо сејмени,во сејменска руба облечени,сејменски песни пееја, ајдушка глава носеја на твојот син Тодора.....". Така понекогаш ни врвеа тешките денови,но и со политички разговори за борбата и победата. По два дена, по одлука на раководството влеговме во селото Нивици. Овде селаните исто така беа сиромашни и се прехрануваа со продажбата на ситната риба-ниивица.

Како и во други прилики и тука пред селаните се одржа митинг. Зборуваа Свештарот,Ѓоре Велковски и др. Селаните со голема доверба

ги слушаа говорите. Додека траеше собирот,Бено Русо-Коки помина со митралезот низ селото, а потоа му го даде на Ицо-Фет и тој помина и истиот митралез. Потоа го зеде трет и се изредија неколку партизани. Со тоа селаните да поверуваат дека партизаните се добри наоружани и многу бројни, а тоа беше цел на раководството. Овде ни се придружи и едно младо момче-грчки партизан,кое често пееше борбени песни од времето на Метакса Јас имав обичај да им давам имиња-прекари на новите борци и затоа ме викаа КУМ. Така беше и овој пат па момчето го нареков-МЕТАКСА при што момчето ми рече дека кога ќе се жени ќе ме стави за вистински кум. Но набргу тоа тешко нервно се разболе и не се сеќавам како и каде се изгуби

Од Нивици со чамци Одредот се префрли кон селото Покрвени. Се сместивме во селската црква. Селото беше познато како добар соработник со партизаните и ја помагаше борбата. Во црквата дојдоја селаните и со ними се одржа поширок разговор. Свештар пак зборуваше за општата ситуација во светот и кај нас, посебно во Македонија, за теророт што го вршат бугарските фашисти и др. Селанија донесоја храна, а некои од нив не известија дека постои опасност да бидеме опколени од Италијанската и Бугарска војска. Но, Наум-Овчар како и секогаш не мируваше,туку од време на време влегуваше во црквата и бргу излегуваше да стражи и извидува што се случува во околината. Благодарение на тоа, тој ги откри италијанските војски што се доближуваа кон селото и така Одредот навреме се повлече. По неколкудневен пат стигнавме до селото Стипона. Влеговме во селото и се прибравме во куќата на Коле Георгиевски. Тука престојувавме два дена. Тука се случи еден памтен настан:во близина на трлото една коза умре при раѓањето. Стопанот кажа дека козата пцовиса и тргна да ја фрле. Свештар и Овчар упорно го убедуваа домакинот Коле дека козата треб да ја употреби за храна затоа што не беше болна од никаква болест. Домакинот рече дека ке заколи друга за нас борците, но не е вешт при колењето и дерењето. Наум-Овчар за се го бидуваше, па и за касап. Бргу стана ја фрле црната мушама, ги засука раковите,го зеде ножот од домакинот и за половина час ја спреми козата за печење. Добро се нахранивме сите,пак благодарение на снаодливоста на Овчар.

Одредот се повлече над селото Лескоец, при едно трло. Требаше да се припремаме за наредна акција и затоа беше речено да си ги спремиме оружјата и облеката. Бено Русо-Коки отиде кај селскиот ковач да поправи еден дел од митралезот, оти тој беше познат бравар.Чистејки го оружјето водевме разговор,воглавно, за тешката оштра и долга зима,за тешкиот партизански живот исл. Овчар беше прилегнат и веднаш стана,седна на едно дрво во трлото и не укори да не зборуваме за тешкотиите,туку за успесите,оти кога сме тргнале во борба,ќе ги совладаме сите тешкотии.

./.

Така и овој пат тој не поттикнуваше на храброст и бестрашност во борбата против непријателот. Кога Свештар ги слушна тие зборови му потфрли:"Е бре Овчар, сакам да останам жив и да ти играм на свадбата".Настана смеење меѓу сите борци и темата на разговорот беше променета.

Кон крајот на втората половина од месец март 1943 год. во Одредот "Даме Груев" пристигнаа и втората група партизани која престојуваше во потпелистерските села:Ореово и Лавци. Со нивното доваѓање се случи една незгодна случка:другарите што идеа од Битола за во Одредот поминаа над логорот-над едно трло од селото Лескоец. Беше ноќе и стражарот на Одредот забележа дека во близината има луѓе и тропање со чевли. Другарот Овчар веднаш зеде една група борци,а пак Ѓоре зеде друга и тргнавме да го извидиме теренот. Полегнавме и очекувавме борба. По кусо пушкарење ние го препознавме знакот на борците што доваѓаа и пушкарењето веднаш прекрате. Тие беа:Тошо-Даскалот,Ванчо Прке-Сермен,Трајан Белев-Гоце Вангел-Тунел, од старите борци, а нови беа Васко-Пурино, Гоце Трајковски, Ѓоко-Тапанџија и други,сите беа околу петнаесет борци. Сега одредот настапуваше засилено со нови борци и под едно име "Даме Груев". Колку што се сеќавам во раководството беа:Тошо,Свештарот,Сермен-заменик комесар на Јосиф-Свештарот, Ѓоре Велковски и Науме-Овчар, кој секогаш се наоѓаше меѓу првите.

Од како одморија новодојдените борци во логорот,Ванчо Прке-Сермен, кажа една тешка жалосна вест за сите нас. Тој кажа дека двајца наши добри другари Мирче Ацев и Страшо Пинџур, верни на Комунистичката партија, организатори на вооруженото востание во Македонија, им паднаа на фашистите во раце, во Велес, и откако биле зверски мачени од агентите бугарски фашисти, биле убиени во Скопскиот затвор. Добро се сеќавам, дека по неколку дена Ѓоре и Сермен составија песна за нив двајцата што тивко потоа ја пеевме:"молчете,молчете,потивко зборете,Мирче и Страшо Пинџур умираат во маки;Од вас другари сакаме крвта наша нек се скапо плати...". Кога песната беше завршена Овчар тупна со кундакот на каменот и со гнев повикуваше на одмазда:"Ние другари на тие зверови скапо ќе им наплатиме и тоа ќе го извршиме, нема да се плашиме,ќе ја продолжиме борбата па и да загинеме, никој од нас не се заколнал дека нема да загине. Сите нема да изгинеме, ќе останеме некој жив и ќе раскажува за нашите дела".

Ѓоре и Сермен беа многу задоволни заради песната што ја прифативме,а и за зборовите на Овчар што уште повеќе го зацврснаа другарството и борбеноста меѓу борците.

Во првите дни од месец Април,Одредот тргна кон селото Коњско, со чамци од истото село повторно влезе во селото Нивици. Пренесувањето го вршеа селаните со три чамци. Во секој чамец се наоѓаше по еден

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ И СОЦИЈАЛИСТИЧКА ОПШТИНА РЕСЕН

од раководството. Јас бев во чамецот со Овчар. Кога наближуваме кон средината на езерото, во далечина од нас забележавме светлосни сигнали. Овчар им нареди на двајцата селани-веслачи да се повратат назад и да бидат извести другите два чамца да побрзат со веслањето, оти се мислеше дека светлоста што се гледа и ближи кон нас е италијанска патрола која иди со патролни брод. Така се префрливме без опасност во селото Нивици. Кога стигнавме до брегот сите полегнавме. Бено и Фет го наместија митралезот и очекуваме евентуален напад од италијанските војници. Овчар постојано зборуваше: ако дојдат поблизу ќе дојдеме до некоја конзерва, храна и чизми. Меѓутоа, италијанската патрола не одмина и потоа ние влеговме во селото Нивици. Зедовме храна и заминавме кон костурските села. Низ Костурско, леринско, албанска и преспанка територија Одредот "Даме Груев" изврши повеќе акции, но јас неможам за сите да се сеќавам, бидејки поминаа повеќе од 50 години.

Ќе спомнам за една од првите акции во Костурско-во селото Бобвиње. Раководството на одредот даде наредба да влеземе во селото, да одржиме митинг и до колку има контраши да ги разоружаме и да ги разбиеме. Селаните разбрале дека се приближуваме кон селото и речиси сите го напуштија и избегаа кон планината. Кога влеговме во селото имаше само по некоа стара жена. ОВЧАР и сите скоро разговаравме со старите жени и разбравме од истите дека селаните избегале од андартите кои не знаеле за милост паелеле, убивале, грабеле и тн. Нашето раководство со големи напори настојуваше да им се објасни дека ние се бориме за поарен живот на сите, па и на сиромасите и дека сме добри луѓе македонски борци. Им замоливме тоа да им го пренесат на своите избегани луѓе и дека не треба да се плашат од нас. Привечерината повторно влеговме во селото. Беа собрани скоро сите селани. Луѓето не се плашеа. Свештар одржа говор за борбата што ја водиме против фашистите и сите други окупатори. Зборуваа и Сермен и Ѓоре Велковски. Кога зборуваа другарите многу луѓе плачеа од радост и со големо интересовање ги слушаа зборовите на говорниците. Зедовме и храна и се повлековме кон планината во близина на селото Оровник.

Тие денови раководството планираше да влеземе во Оровник за да се извиди ситуацијата во селото. Ванчо Прке, Овчар и Трајан Белев слегоа во селото и од некој овчар биле известени дека во селото има неколкумина наоружани контраши. Следниот ден влеговме во селото и без борба тие сами го предадоа оружјето. Истовремено од нив разбравме дека во селото Рудари има поголема чета контраши кои добиваа директива од Костур и дека се добро наоружани. Беше ноќе кога од Оровник се повлековме кон планината. Слушавме лаење од кучиња и пукотници. Бено, Овчар и Трајан-Гоце отидоа во извидница. После саат-два се вратија со двајца селани од с.Рудари кои кажаа дека италијански војници и контрашите од селото пука-

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

ле спрема планината каде престојувавме. Наредниот ден раководството одлучи да влеземе во Рудари и со борбена акција да ги фатиме и да ги разоружаме контрашите. Со помош на двајца селани од истото село ги дознавме куќите во кои се наоѓаа контрашите. Овчар со една група борци се упатија право кон куќата на селскиот кмет и набргу фатен. Тошо и Ѓоре ја поведоа другата група борци и тргнаа кон куќата на водачот на контрашите. Од како кметот беше фатен ОВЧАР ја поведе групата по другите куќи и се споивме со другата група борци што ја водеше Тошо и Ѓоре. За брзо време контрашите беа прибрани и доведени на сред селото. Тука, пред сите селани се одржа митинг. Јосиф-Свештар зборуваше многу време и ~~многу ду~~ меѓу другото тој кажа како Македонија поделена на Срби,Бугари и Грци и дека македонците на својот грб го носат самарот на трите ропства. Оние селани што имаа земено оружје го предадоа и зборуваа дека истото на измама го примиле.

Кон половината на април 1943 година, Одредот се префрли на лерински терен. За кусо време се поврзаме со грчките партизани од Одредот "ВИЧО". Двете раководства постигнаа согласност за заедничко дејствување на теренот. Првата акција беше во селото Клештина. Слеговме две групи партизани. Со едната група раководеше Науме-ОВЧАР. Селаните од тоа село имаа голема мака од двајца непријатели на движењето и тоа од еден поп и еден корофилак(полицаец). Беа фатени и разоружани. Групата на борци предводени од ОВЧАР, ги доведе врзани на сред селото. Со знакот на камбаната селаните беа повикани на митинг. Прво зборуваше еден борец од грчкото раководство, а потоа нашиот Јосиф-Свештар. По ова акција,Одредот се повече во планината Мечка во близина на Лерин, Се поведе разговор за извршената акција и за разоружаните попот и корофилакот од кои беа одземени два нови пиштоли-наганти што беа со бела рачка и повеќе муниција. Раководството на двата одреди одлучија едниот да му се дадде на Наум-Овчар, а другиот на еден истакнат грчки борец, на кој името не му се сеќавам. За ова време,ОВЧАР уште повече стекна доверба и углед како бестрашен борец и меѓу борците од одредот "ВИЧО". Така, името на ОВЧАР стана познато и меѓу грчките партизани на ~~тие~~ тие терени. Се сеќавам доста добро,дека набргу и тие почнаа со големо задоволство да го викаа со име Синдрофе-ОВЧАР. Слични акции беа изведени во селата Треје и во Статица.

По завршувањето на акциите низ костурско-леринскиот терен одредите заминаа на планината Вичо,каде што беше базата на грчките партизани. Тука добро се одморивме,бидејки планината беше богата со шума,пасишта,овци и други стока.И во околните села богато се живееше и скоро секој ден пристигнуваа нови борци.На ова планина се играа и заеднички ора и се пееја заеднички песни, и грчки и македонски. Нашите раководители, а меѓу нив и Науме-ОВЧАР уживаа голем авторитет меѓу грчките борци. Така што при

играњето повеќе од нив сакаа да се фатат до ОВЧАР и другите наши раководители и на тој начин да им ја изразат блискоста. Тоа се забележуваше и при делењето на храната,кога на ОВЧАР и на другите наши раководители им се даваше прво,повеќе и поубаво.

Одкако ја напуштивме Вичо планина се упативме кон село Костори. Беше дење кога влеговме во селото. Борците од Одредот Вичо први дадоа знак со црквеното звоно за да се соберат членовите и симпатизерите на Комунистичката партија.Потоа со знак од школското звоно се собра младината. Први зборуваа грчките раководители и ги запознаа луѓето со нас и со нашата борба. Потоа зборуваа нашите, бидејќи имаше и селани кои разбираа и македонски. На крајот од митингот ние борците бевме распоредени во куќите каде што беа и живеа комунистички расположените селани и членови на Комунистичката партија. Од селото во Одредот дојдоа околу десетина млади борци-како зајакнување.

Наредниот ден влеговме во селото Ајтос,кое спрема мене, не беше село, туку мало гратче со убаво уредени и поплочени улици. Се наоѓаше на рамен терен, а во негова близина се наоѓаа два главни пата од кои едниот за Солун, а другиот за Стара Грција. Одвреме, навреме врвеа колони моторизирани германски војски. Добро се сеќавам дека раководството на двата одреди,се колебаше дали да се ризикува да се појде во акција во овие тешки околности. Благодарение на најхрабите и најупорните меѓу кои и Наум-ОВЧАРОТ, направија план како да се влези во селото Ајтос. Според тој план требаше да се нападне полициската станица. Со поголема група да се влезе во станицата и за некои поглавни места. Една група да ја опколи станицата, а другата да влезе во неа. Се да биде во голема брзина. Групата што требаше да влезе беше формирана од наши и грчки борци и неа ја поведе Науме-ОВЧАР со брз јуриш на неа. Заробија двајца германци кои работеле на телефонската централа и други четворица кои беа облечени во некаква униформа. Исто така во оваа акција прилично беше уништена архивата.

И селото Невеска се наоѓа во богата рамница. Овде живееја повеќе грчко-влашки богаташи кои живееја и во западните земји, а тука имаа куќи. Во селото доаѓале само во есен и во зима за да поминат во топлите краишта. Се занимавале со трговија. Во селото имаше и крајно бедни луѓе. Дознавме дека во селото има група соработници со фашистите али и добро организирана партиска група. Требаше да се разбие групата на соработниците на окупаторот и за таа цел се изврши распоред на борците. Групата грчки борци, тргнаа да се поврзат со членовите на партијата од селото. Во близина на една кафана слушнавме дека се судриле со профашистите. Постоеше опасност да се дадат жртви. Тоа беше знак и повик дека и ние треба да им пристапиме во помош. Науме-ОВЧАР, со голема бр-

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

зина,поведе група борци и стигнаа до близината на кафеаната каде беше судирот со грчките борци и профашистите. Овчарот даде знак со неговата рака да се опколат напаѓачите профашисти и разбијат, што беше извршено. Во оваа акција заробивме шест од напаѓачите, а други побегнаа и се сокрија. Заробените им беа предадени на борците од грчкиот одред и нив ги судеа. Таа вечер бевме сместени во куќи богати газди и добро бевме нахранети.

Кога одредите пак се вратија на лерински терен,кон крајот на Април на ден велигден, извршивме акција во селото Буф. Ја запаливме архивата во полициската станица и заробивме двајца корофили-полицајци и запленивме неколку гуни-стражарски. Додека се одржуваше митингот во селото од Битола и битолско пристигнаа нови борци. Повеќето од тие борци беа избегани од војници од бугарската фашистичка армија.

Последниот ден на месец април 1943 година, Одредот "Даме Груев" престојуваше во леринската планина - Мечка, преку целиот ден борците одмораа. Денот беше топол-вистинска пролет.Борците беа добро расположени се раскажуваа разни смешки. Меѓутоа, при крајот на денот Ѓоре Велковски и Ванчо Прке се оделија понастрана од нас борците и разговараа нешто сериозно, бидејки на нивните лица се гледаше загриженост. Се гледаше дека разговараат за некоја важна работа,бидејки подоцна го повикаа и Науме-ОВЧАР. Јас си помислив дека индниот ден сигурно не чека некоја голема акција или ќе се префлиме на потежок терен. Но, еве што испадна: другиот ден беше 1.Мај, за последен пат се сретнав со другарот Сермен, оти тој го напушташе одредот. За неговото заминување,колку што ми е мене познато е пишувано различно. Но мене ме гони вистината и сакам да кажам какво беше неговото заминување. Рано во утрото,кога се состанавме со Сермен, го прашав зошто му ја даде пушката на ОВЧАР, а тој останал без оружје. Сермен прво ме прегрна преку рамото и ми се обрати:"Куме не ми треба сета пушка, на ОВРЧАР му го дадов и пиштолот, а тој ево ми го даде неговиот нагант со кој добро и сигурно се стрела. Ќе се разделиме мој Куме, одам на далечен пат, а ке се видиме во слободата.Потоа Сермен отиде кај борците и искажа неколку реченици за 1. Мај, денот на работниците и ги повика борците добро да се подготват и достојно да го обележиме овој светол ден. Сермен беше образовен човек, беше песнопевец и ороводец. Тој многу јасно зборуваше,имаше другарски чист однос со борците,човек со изграден революционерен став, млад човек кој се откажа од личната среќа и ја прифати борбата.

Тој ден имавме богат ручек-Трајан Белев-Гоце со голи и нечисти раце, но тој кажуваше смешки и не обрнуваше внимание на тоа што му велевме. Кога завршивме со јадењето,Сермен и Ѓоре Велковски,по примерот

./.

на народната песма, составија нова песма што ја пеевме и игравме на оро. Орото го водеше Сермен, оти се проштеваше од другарите, а до него Свештарот,Ѓоре,Тошо, Овчарот,Трајан-Гоце и сите по ред игравме,додека пак Сермен и Ѓоре и пееја "Мери Кумчо сто драм алва,сто драма алва Кумчо шеќерлија;однесија во Ѓавато,предајмија Кумчо на Гоцевица,ако те праша Кумчо од кого е, ти речиму од Гоцета е".

Така за последен пат со старите другари Сермен играше и пееше-правејки ни смешки. Пред самата разделба Сермен ми рече да напиш неколку збора на едно ливче за да и кажам на женами кога ќе отиде кај на да му го даде мојот костум на Сермен,бидејки му е многу потребен.Така и направив. Во куќата на мојот татко Петре Дериевски,Сермен често доваѓаше и како илегалец и како партизан уште од 1942 година. Точно е дека Сермен замина на 1.Мај 1943 година. Точно е дека замина преоблечен во мојот костум од куќата на мојот татко. Точно е и тоа дека замина во Битола со она своја лична карта со која дојде од Штип,кога од дуќанот на Бено Русо-Кок со уште две другарски Вера Ацева и Вера-Венда ги зедов и ги префрлив во с. Лавци и ги сместив во куќата на мојот татко.

Во средината на месецот мај Одредот "Даме Груев" стас во близина на Костурско. За да се влезе во селото Прекопана,група борци на чело со Науме-ОВЧАР, отидоа да го извидат теренот,оти имаше сознание дека во селото има поголема група контраши. Потоа се одлуче да се влез во селото и разбијат контрашите. Уште во раните сати влеговме во селото. ОВЧАР,Трајан Беле-Гоце и група борци се упатија кон куќата на кметот од селото. Беше прво тој фатен и со негова помош ОВЧАР отиде кај одговорнио на четата, кој се припремаше да бега, го фатија без отпор, а потоа беа прибрани и другите контраши исто без да дадат отпор. Пред селаните како и вообичаено се одржа митинг. Околу пладне се оддалечивме од селото и на згодно место застанавме на починка. За ручек ставивме да вариме грав.Набргу чувме истрели и разбравме дека контраши помешани со италијанска војска почнале да не гонат. Се даде наредба да не остапуваме,туку да залегниме на згодно место и чекаме. Кога војниците и контрашите наближуваа спрема нас, ОВЧАР рече одеднаш сите борци да отвориме оган. Така и бидна Кога ни се доближија Бено Русо отвори оган а по него и ние сите. ОВЧАР викна на јуриш и тргнавме. Групата што ја водеше Ѓоре и таа тргна на јуриш. Италијанските војници набргу отстапија кон Костур што беше близу. Од нашиот ручек не остана ништо.

Истиот месец мај се формира нов Одред "Гоце Делчев". Се разделивме од Одредот "Даме Груев" и со другарот Науме-ОВЧАР. Во новоформираниот одред сите борци беа од Битола и од околните села.Командант на Одредот беше Тошо Ангелевски-Стргов, а комесар Коле Канински. И овој Одред се здружи со грчкиот партизански одред "ВИЧО"и извршија заеднички

акции по селата Бапчур,Вишени и Черешница во Леринскиот крај. Потоа одредите се припремаја да извршат акција и во селото Кономлади, но не влеговме,бидејки во тоа село имало многубројна италијанска и друга војска. Повторно се упативме кон планината Мечка. Тука се одлучи Одредот "ВИЧО" си остане на својот терен, а Одредот "Гоце Делчев", преку границата се префрли на наша територија. Во меѓувреме од леринско дојде во нашиот одред Киро-Платник. Ја преминавме границата и стигнавме во планината над селата Драгош и Граешмица-битолско. Се одморивме целиот ден, но главен проблем беше храната на овој терен, како и облеката на борците. И така раководството се одлучи да група од борци на чело со Тошо-Строгов да заминат кон подпелистерските села Ореово, Лавци и Брусник. Додека другата група да замине за Велушина, Канино и Породин на чело со Коле Канински со задача да се прибери што е можно повеќе храна, обувачка-чевли и друго од оние куќи што ќе останеа празни после интернирањето.

Фашистите веќе ги превземаа тие мерки. Тогаш во дискусијата се вклучи и Киро-Платник. Тој предложи одредот да замине за Кајмакчалан-Мариово. Меѓутоа, неговиот предлог не беше прифатен од неколку причини.... Се тргна на извршување на задачите т.е. да одредените замина секој на својата страна.

Јас останав во првата група во онаа што заминаа за Лавци. Долго време не се гледав со Науме-ОВЧАР. После смрта на Тошо Строгов во селото Лавци, една група борци од одредот останавме без врска со другата група од одредот што беше по храна во другите села. Моето повторно видување со Науме-ОВЧАР беше во Преспа каде му се придруживме на Одредот "Даме Груев". За да воспоставиме врска со одредот ни помогна еден овчар по име Коста кој ни кажа дека партизаните се движат низ планината до селата Брајчино и Љубојно. Од еден друг овчар пак дознавме уште поточно каде се наоѓаат партизаните.Ги најдовме во логорот Калаузана. Се радуваа што не видоа здрави и живи и исто така се радувавме и ние. Во селата на Преспа извршивме неколку акции и исто така држевме митинзи, а после капитулацијата на Италија, во селото Љубојно вршевме акција за нови борци во нашите редови. Но до тоа не дојде. Наброо дојдоа Бугарите и ги окупираа овие села кои дотогаш беа под италијанска окупација. Тогаш беше извршена акција за стапување на нови борци во селото ~~Горно~~ Долно Дупени и тогаш во Одредот "Даме Груев"дојдоа во партизани:Стерјо Струмениковски,Алексо, Доне и уште еден на име не се сеќавам. Тогаш повторно се видов и со Науме-ОВЧАР. Во тие денови во Одредот, по врска,дојдоа двајца грчки борци од Одредот "ВИЧО" и доведоа двајца срби-дражичевци и едно затворено писмо. Грчките борци беа во цивилна униформа, а дражичевците имаа униформи,без палети,али со кокарди на капите.Нивни захтев беше да бидат префлени во Србија. Уште со еден наш борец Калче ги префрливме во Дебарца,во селото

Црвена Вода, каде што во школото престојуваа косоварите со ТЕМПО. Ги предадовме лично на ТЕМПО, но не стигнаа до Србија.

Одредот се упати кон Караорман и селото Славеј каде беше формиран баталионот "Мирче Ацев". Командант на баталионот стана Науме-ОВЧАР, а политички комесар Трајан Белев-Гоце. Јас бев поставен за командир на чета. Тогаш од секаде пристигнуваа нови борци, но најмногу од Прилеп и од селата под Караорман и Дебарца каде што се вршеше акција за доаѓање во партизани.

Многу добро се сеќавам кога баталионот, косоварите со ТЕМПО се префрлиле кон селото Сливово. Германците го пратеа нашето кретање. Тие, заедно со балистите превзедоа голема офанзива за напонлно уништување на партизанските одреди. Во планината над Кичево постоеше голема опасност да бидеме сите опколени и разбиени, бидејки германците и балистите се повеќе го стегаа обрачот околу нас. Се даде команда ОВЧАР со својот батаљон да застане во одбрана, а главнината да продолжи напред за да не бидеме опколени. Овчар не даде команда на глас, туку со раката ги распореди борците во заклон кој во дупка кој зад камен. Германците биеја со полуавтоматско оружје, со тешки митралези и минобацачи, така што планината јачеше од сите страни, а се слушаа и извици на балистите да не фатат живи. Ние имавме муницја дадена под број, а ОВЧАР ни рече секој фишек да биде погодок во месо. Борбата што ја водевме знаевме дека треба строго да се придржуваме кон оваа наредба и дека треба да ги биеме добро. Кога непријателите излегоа на отворено под команда на ОВЧАР, сите отворивме оган одеднаш. Ги збунивме напаѓачите, а ние често менувајки го местото предвидени од ОВЧАР, ги биевме жестоко. Единствено се плашевме за муниција, бидејки ако борбата потраеше повеќе, знаевме дека ке останме со празни пушки. Покасно стигнаа и една група косовари на помош и фашистите заедно со балистите почнаа во паника да одстапуваат.

Борбата траеше скоро целиот ден. Потоа влеговме во селото Сливово, каде добро се одморивме и најадовме. И така, на 11 ноеври 1943 год. како што е познато, во селото се формира првата бригада која чинеше име I Македонско-Косовска бригада во која влегуваа три батаљони: ОВЧАРОВИОТ со три чети, Прилепскиот со командантот Мајка од Прилеп и батаљонот на косоварите со командантот Зуфер Мусич. Во Овчаровиот батаљон јас останав командир на прва чета, Васко Карангелевски на втората и Илија Спировски на третата чета. Командант на бригадата беше Ѓуро Броевиќ, а на чело на Штабот стоеше ТЕМПО. Науме-Овчар беше речиси најсаканиот борец меѓу борците и во главниот штаб. Кога во главниот штаб се решаваше за некоја воена операција или за акција, тогаш и Наум-Овчар мораше да биде присутен.

./.

Вака подготвена бригадата тргна кон Преспа,Костурско,Леринско-за Караџова и се сеќавам доста добро кога ~~ким~~ стигнавме на Кајмакчалан под силен дожд мешан со снег,одморивме ден и ноќ. Уморни и раскалашени од долгиот напорен пат, дојде Овчар и тој, умерено,се обрате до борците и рече:вие сте другари незадоволни што ~~мирхтих~~ маршот е толку долг,толку тежок. Нам ни престои да ратуваме, нам ни престои да прејдеме уште многу километри. Тоа е потребно другари само затоа да би сме го обмамиле непријателот, да би му нанеле изненаден удар. Ето така ОВЧАР ги подучуваше и воспитуваше борците, со храброст,спремност, за борба против непријателот до последна капка крв. ОВЧАР зборуваше ~~ки~~ тивко без брзање,како човек, кој знаеше дека животот не е глина, туку камен.

Бригадата го продолжи својот пат и стигна до селото Фуштани се воспостави врска со командирот на пограничната караула и воениот подучасток на селото Коњско, со потпоручникот Дичо Петров,организиран од КП на Бугарија. Во селото Фуштани беше и преставникот на бугарската партија Иван Бограјанов. Беше договорено со Дичо да тој и негови организирани војници преиди во наша страна т.е. во партизани. Испратени беа двајца наши борци да се поврзат со Дичо за неговото префрлување. Кога стигнавме близу караулата,Дичо беше спремен за тргнување со неговите војници, ги примиле без никакви проблеми. Со Дичо дојдоа околу 65-70 војници и 3-4 товари храна и друго. Тука се сретна Дичо со преставникот Иван Баграјанов се поздравија и изгушкаа. Потоа Дичо ги постои неговите војници како да доваѓа некој генерал. Од војниците шестина се колебаа велејки дека се болни и нема да издржат. Истите беа одпуштени.

Тогаш по одлука на Главниот штаб, беше формиран првиот бугарски партизански батаљон "Христо Ботев" на чело со командатот Диче Петров. Освен главниот штаб на ова формирање,присуствуваа и членови на ЦКМ, како Вера Ацева и други. Бригадата појачана со баталјонот на Дичо, тргна за селото Ноти.

Од селото Сливово до селото Фуштани маршот траеше околу 30 саати без прекин, така што повеќе борци премрзнаа.

Кон првите дни на месец јануари 1944 година во школото на селото Ноти, се решаваше за напад на воениот подучасток во селото Коњско Присатни беа Темпо,Ѓуро Бајович, Вера Ацева,Науме-Овчар,Дичо Петров, Илија Спировски и јас Тоде-Кумо.На школската табла се црташе планот на нападот,зградата на участокот и друго. Дичо,кој што ја познаваше зградата даде добар опис на неа и за теренот околу неа, но за теренот на грчката страна не можеше да даде поточни и исцрпни информации. Но негова предпоставка во зградата имало околу 30-40 војници. Се даваа разни предлози како преку планина и патека да се неприметно приближи до самата зграда.

Се сеќавам добро,кога Овчар стана и отиде кај таблата ја зеде кредата за пишување и ја оцрта една рекичка,со малку вода, која врвеше до близината на самата зграда и даде предлог по таа рекичка одат борците и се неприметно приближат до зградата на участокот. Темпо, малку се потсмевна и рече: паметан е тај предлог, ја се слажем друг Овчар, а потоа сите се сложивме со предлогот на нашиот Овчар. Беше решено Науме-Овчар од Батаљонот да даде 30 борци а од Батаљонот на Дичо 10 до 12 војници. Овчар определи 15 борци од првата чета назначувајќи ме мене за водич и од третата 15 водич Илија Спировски. Водач на трите групи беше Дичо Петров.

На 3. јануари во раните утрински часови, тргнавме во напад. Илија Спировски требаше да нападне од спољната врата, а другите две групи да го сторат тоа од главната врата. Двете групи неприметно се доближивме до авлијата на дворското место. Беше одредено нападот да се изврши точно во три саатот во зорите. Се обидовме два три пати да се поврзиме со групата на Илија, почекавме повеќе време од предвиденото, но борците од оваа група не дојдоа. Одлучивме да влеземе во участокот. Дичо, поднаредникот и јас решивме да влеземе во зградата и да ги повикаме војниците да се предадат дека се опколени и да не им служат на фажизмот. Во случај да наидеме на отпор, тогаш да се почне со борба. Влеговме во дворното место и го забележавме стражарот но и тој не виде. Му дадовме знак да не вика, но тој набрзина извика стој! Стој! и го ликвидиравме веднаш. Бргу влеговме внатре а војниците почнаа да рипаат од креветите. Дичо застана на средината од салонот и на глас голем ги повика да се предадат кажувајќи се "Ас сам Дичо Петров". Шест до седум војници брзо се предадоа, а другите ја прифатија борбата. Фрливме две бомби тие фрлаа, додека борбата се водеше просториите на участокот се преполнија со чад и стана загушливо Дичо постојано им се обраќаше со зборовите:"браќа другари,немојте да стрелате и убивате свој народ, немојте повеќе да му служите на царот и на фашизмот,туку дојдете заеднички да го победиме врагот". Но тие не се предаваа и понатаму упорно отвараа се поголема борба. Од споредната врата успеа да се повлечат и во близина на участокот ја продолжија жестоката борба. Тие војници што покушаваа да побегнат преку пенџери беа добро стрелани од нашите борци кои беа заклонети позади авлијата. Преку споредната врата,непријателските војници успеа да постават и митралез во едно засолнето место во самиот двор, од участокот и тој биеше непрестано, ние со Дичо и поднаредникот успеавме да се повлечеме од участокот и се придруживме со нашите борци кои беа склонети позади авлијата и стрелаа во непријателот. Борбата продолжуваше се поострo. Бевме ранети:Дичо беше ранет во челото близу косата, јас во десната рака и нога изнад колено, Алексо од Горно Дупени беше ранет во ногата, Ѓорги-Бугачето-Манојлов во ногата,а

поднаредникот што беше со Дичо кога влеговме во участокот беше тешко ранет и убиен од фашистите.Непријателски војници беа добро избиени,бидејки нашите борци имаа подобра позиција за борба. Со Дичо се договоривме да се повлечеме, но не беше можно ќе дадеме многу жртви, бидејки теренот позади авлијата беше равен и отворен од сите страни, а од гевгелиско пристигнуваа војски во помош на фашистите. Во меѓувреме, пристигна Овчар со група борци, ја фати рекичката и одтаму отворија оган кон участокот. Тогаш нас ни се даде можност да се повлечеме по самата рекичка и понатаму. Така група по група го пробивме непријателскиот обрач.

Штом се префрливме во селото Ноти, набргу дојдоа до нас ранетите борци да не видат и тие беа:Темпо, Ѓуро,Вера Ацева и Апостолски. Потоа ранетите борци бевме сместени во куќата на Леон кој имаше семејство од пет члена. Таа куќа служеше како болница за ранетите и болни борци. Бевме добро нахранети и добро чувани од секаков напад,бидејки ова село беше доста добро организирано и активно работеше. Науме-Овчар повеќе пати не посети. Кога по неколку дена пак дојде Овчар да не посети, тој кажа дека е тешка ситуацијата и дека се очекува во селото да дојдат германци. Наредниот ден дојде тој, заедно со мала група грчки партизани, не префрли на Пајак Планина, во базата на грчките партизани. Секогаш со Дичо и Ѓорги Маноилов лежевме еден до друг и долго прикажувавме за борбата и друго.

Таму меѓу борците на "ЕЛАС" бевме добро примени и можевме да видиме дека овие грчки партизани имаа многу повеќе храна, облека и друго отколку нашите борци.

Кога германците дојдоа на планината Пајак и извршија голема офанзива, ние ранетите бевме повторно префрлени во Ноти кај Леон. Офанзивата брзо се ширеше и пристигнуваше до селото. Тогаш дојде Иван Бограјано со неколку војници од батаљонот кои го поведоа Дичо Петров, бидејки нивниот батаљон заминувал кон гевгелиско. Истиот ден, кај нас дојде Овчар не посети и разговараше со домакинот Леон за нашето префрлување во планината Кожув за да не паднеме во рацете на фашистите дека во брзо време ќе дојдат во селото. Тогаш Науме-Овчар рече да се видиме во Преспа. Се поздрави со сите нас и замина со бригадата, потоа ние бевме префрлени на Кожув во една пештера и така се разделивме со Науме-Овчар.

По трет пат со Науме-Овчар се видовме после ослободувањето кога дојде од военото школување од Русија му беше направен голем дочек и вечера од нашите виши официри. Воедно тоа беше и моето последно видување со прославениот НАУМЕ-ОВЧАР.

Битола, Мај 1989 година

НАПИШАЛ
ТОДЕ ДЕРИЕВСКИ - КУМО